Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# Структура на вработените
# во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија
# во 2016 година

август, 2017 година

## СОДРЖИНА

Вовед......................................................................................................................3
Резиме.....................................................................................................................4
Македонска радио-телевизија.................................................................................6
Комерцијални телевизиски станици......................................................................10
Комерцијални радиостаници..................................................................................15

## ВОВЕД

Во оваа анализа се претставени податоците за вкупниот број и структурата на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2016 година. Поточно, предмет на анализа е состојбата на 31.12.2016 година, и тоа во јавниот радиодифузен сервис и во комерцијалните телевизии и радиостаници.

Структурата на вработените е анализирана од аспект на работните места на кои тие биле ангажирани (новинари, уредници, управители, технички кадар, реализаторски кадар, маркетинг и преостанат кадар), статусот (редовен работен однос или хонорарен ангажман), полот, образованието, како и етничката припадност на вработените во индустријата.

Податоците што се предмет на оваа анализа Агенцијата ги обезбеди од самите радиодифузери, коишто при исполнувањето на обврската од членот 15 од Законот за медиуми, покрај другите податоци за работењето во претходната година, ги доставија и податоците за бројот и структурата на вработените.

## РЕЗИМЕ

**Табела 1: Структура на вработените**

| Состојба на 31.12.2016 година | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| кадар | вкупен број | образование | | | статус | |
| | | ВСС | ССС | друго | рро | хон |
| Новинари | 1046 | 789 | 241 | 16 | 726 | 320 |
| Уредници | 230 | 167 | 60 | 3 | 205 | 25 |
| Управители/директори | 119 | 74 | 44 | 1 | 104 | 15 |
| Технички кадар (инжинери и техничари) | 286 | 73 | 205 | 8 | 219 | 67 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 922 | 194 | 702 | 26 | 802 | 120 |
| Маркетинг | 95 | 57 | 37 | 1 | 63 | 32 |
| Преостанат кадар | 498 | 151 | 309 | 38 | 414 | 84 |
| **ВКУПНО** | **3196** | **1505** | **1598** | **93** | **2533** | **663** |

- Вкупниот број на вработени во аудио и аудиовизуелниот медиумски сектор во 2016 година изнесувал 3196 лица. Во јавниот сервис биле ангажирани 905 лица (864 во редовен работен однос и 41 хонорарно), во комерцијалните телевизии 1862 лица (1449 во редовен работен однос и 413 хонорарно ангажирани), а во комерцијалните радиостаници 429 лица (220 во редовен работен однос и 209 хонорарно ангажирани).

- Бројот на вработени во однос на претходната година се зголемил кај Македонската радио-телевизија (за четири лица), кај терестријалните телевизии на државно ниво (за осум лица), кај телевизиите на државно ниво преку јавна електронска комуникациска мрежа (за 197 лица) и кај радиостаниците на државно ниво (за едно лице). Кај сателитските и локалните телевизии биле ангажирани по шест лица помалку, кај регионалните телевизии 54 лица, а кај локалните радиостаници 10 лица помалку. Бројот на вработени во регионалните радиостаници остана непроменет (123 лица).

- Речиси 62% од вработените биле ангажирани како новинари и реализатори.

- Од вкупно 3196 вработени, 1947 биле мажи, а 1249 биле жени. Лицата од машки пол биле најбројни кај реализаторскиот кадар (вкупно 755), а лицата од женски пол кај новинарскиот кадар (вкупно 608).

- Најголем дел од вработените имале завршено средно образование (1598 лица). Од нив, најголем дел (43,93%) работеле како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар.

- 2414 од вработените биле од македонска националност, 571 од албанска, 63 од турска, 19 од ромска, 20 од влашка, 57 од српска, 31 од бошњачка и 21 од други националности.

## МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА

Во 2016 година, во јавниот радиодифузен сервис биле вработени вкупно 905 лица, од кои 642 во Македонската телевизија, а 263 во Македонското радио.

**Табела 2: Структура на вработените во МРТ**

| Состојба на 31.12.2016 година | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| кадар | вкупен број | образование | | | статус | |
| | | ВСС | ССС | друго | рро | хон. |
| Новинари | 251 | 196 | 46 | 9 | 231 | 20 |
| Уредници | 84 | 74 | 8 | 2 | 84 | 0 |
| Управители/директори | 5 | 5 | 0 | 0 | 5 | 0 |
| Технички кадар (инжинери и техничари) | 26 | 9 | 13 | 4 | 26 | 0 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 352 | 64 | ***267*** | 21 | 331 | 21 |
| Маркетинг | 6 | 5 | 1 | 0 | 6 | 0 |
| Преостанат кадар | 181 | 62 | 89 | 30 | 181 | 0 |
| **ВКУПНО** | **905** | **415** | **424** | **66** | **864** | **41** |

**Слика 1: Структура на вработените во МРТ - во редовен работен однос и хонорарно ангажирани**




94,86% од вработените во Македонската телевизија биле во редовен работен однос, а 5,14% биле хонорарно ангажирани. Во Македонското радио хонорарно биле ангажирани само осум лица.

Најголем дел од вработените во Македонската радио-телевизија биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (38,90%) и како новинари (27,73%).

**Слика 2: Број на новинари и реализатори во МТВ и МРА**



**Слика 3: Структура на вработените во МРТ според пол**




75,57% од реализаторискиот кадар биле мажи.

Тие биле значително побројни од жените и кај техничкиот кадар, односно како техничари и инженери биле ангажирани 25 мажи и само една жена. Најголем дел од жените работеле како новинарки (40,51%).

366 лица од вработените во МТВ биле мажи, а 276 биле жени. Во МРА, пак, биле ангажирани 144 мажи и 119 жени.

Од вкупно 905 вработени во јавниот сервис, 45,86% имале комплетирано високо образование, 46,85% средно образование, а 7,29% имале друг вид на образование.

**Слика 4: Структура на вработените во МТВ според образование**




**Слика 5: Структура на вработените во МРА според образование**




Најголем дел од вработените со високо образование, и кај МТВ и кај МРА, биле ангажирани како новинари. Од лицата со средно образование најбројни биле режисерите, снимателите и монтажерите.

636 лица од вработените биле Македонци, 176 биле Албанци, 34 Турци, 31 Срби, пет Роми, осум Власи, шест Бошњаци, а девет биле припадници на други малцински заедници.

**Слика 6: Структура на вработените во МРТ според етничка припадност**




Најголем дел од Македонците (41,35%) и Албанците (34,09%) биле вработени како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар. Речиси половина од лицата од турска националност биле ангажирани како новинари (16 лица), а најголем дел од лицата од српска националност работеле како реализаторски кадар (12 лица).

## КОМЕРЦИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИСКИ СТАНИЦИ

Во 2016 година, во сите комерцијални телевизии заедно биле вработени вкупно 1862 лица, и тоа: 687 лица во терестријалните телевизии на државно ниво, 223 во сателитските телевизии, 352 лица во телевизиите коишто емитуваат програма на државно ниво преку јавна електронска комуникациска мрежа, 448 лица во регионалните и 152 лица во локалните телевизии.

**Табела 3: Структура на вработените во комерцијалните телевизии**

| Состојба на 31.12.2016 година | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| кадар | вкупен број | образование | | | статус | |
| | | ВСС | ССС | друго | рро | хон. |
| Новинари | 601 | 461 | 138 | 2 | 429 | 172 |
| Уредници | 99 | 69 | 29 | 1 | 89 | 10 |
| Управители/директори | 60 | 42 | 17 | 1 | 50 | 10 |
| Технички кадар (инжинери и техничари) | 196 | 50 | 144 | 2 | 153 | 43 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 536 | 124 | 407 | 5 | 451 | 85 |
| Маркетинг | 69 | 42 | 27 | 0 | 50 | 19 |
| Преостанат кадар | 301 | 81 | 213 | 7 | 227 | 74 |
| **ВКУПНО** | **1862** | **869** | **975** | **18** | **1449** | **413** |

Од вкупно 1449 лица во редовен работен однос, 40,72% биле вработени во петте телевизии на државно ниво коишто емитуваат програма терестријално.

Бројот на хонорарно ангажирани лица бил најголем кај сателитските телевизи (107 лица).

**Слика 7: Број на вработени во редовен работен однос и хонорарно ангажирани**



Најголем дел од вработените во комерцијалните телевизии работеле како новинари (32,28%), а значајно учество имале и лицата ангажирани како режисери, снимателии, монтажери и друг реализаторски кадар (28,79%).

**Слика 8: Број на новинари во комерцијалните телевизии**




Речиси 30% од новинарите биле вработените во терестријалните телевизии на државно ниво.

Кај овие пет телевизии бил ангажиран и најголем дел од реализаторскиот кадар (40,86%).

**Слика 9: Број на реализатори во комерцијалните телевизии**

Најмалку новинари (62 лица) и реализатори (22 лица) биле вработени во 23-те локални телевизиски станици.




36,52% од вработените биле жени, а 63,48% мажи. Половина од жените биле ангажирани како новинарки (342 од нив). Најголем дел од мажите биле ангажирани како реализаторскиот кадар (459 лица).

Разликата во бројот на мажи и жени е најголема кај реализаторскиот кадар (382 лица од машки пол повеќе отколку од женски).

**Слика 10: Структура на вработените според пол**




Од вкупно 1862 вработени, високо образование имале 869 лица, средно имале 975 лица, а со друго образование биле 18 лица.

Најголем дел од вработените со завршено високо образование биле жени ангажирани како новинарки (31,88%), додека кај лицата со средно образование најбројни биле мажите ангажирани како реализатори (37,64%).

**Слика 11: Број на новинари со високо образование**




Во 2016 година, во комерцијалните телевизии биле ангажирани 1413 Македонци, 345 Албанци, 24 Бошњаци, 23 Турци, 20 Срби, 14 Роми, 11 Власи и 12 лица од други националности.

**Слика 12: Структура на вработените според етничка припадност**




32,70% од вработените од македонска националност биле ангажирани како новинари, а 29,44% како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар. Исто така, и најголем дел од лицата од албанска националност биле ангажирани како новинари (118 лица) и реализаторски кадар (94 лица).

# КОМЕРЦИЈАЛНИ РАДИОСТАНИЦИ

На 31.12.2016 година, вкупниот број на вработени во сите комерцијални радиостаници изнесувал 429 лица. Од нив, 111 биле ангажирани во радиостаниците коишто емитуваат програма на државно ниво, 123 во радиостаниците коишто емитуваат на регионално ниво и 195 во радиостаниците коишто емитуваат на локално ниво.

**Табела 4: Структура на вработените во комерцијалните радиостаници**

| Состојба на 31.12.2016 година | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | образование | | | статус | |
| кадар | вкупен број | ВСС | ССС | друго | рро | хон. |
| Новинари | 194 | 132 | 57 | 5 | 66 | 128 |
| Уредници | 47 | 24 | 23 | 0 | 32 | 15 |
| Управители/директори | 54 | 27 | 27 | 0 | 49 | 5 |
| Технички кадар (инжинери и техничари) | 64 | 14 | 48 | 2 | 40 | 24 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 34 | 6 | 28 | 0 | 20 | 14 |
| Маркетинг | 20 | 10 | 9 | 1 | 7 | 13 |
| Преостанат кадар | 16 | 8 | 7 | 1 | 6 | 10 |
| **ВКУПНО** | **429** | **221** | **199** | **9** | **220** | **209** |

Во редовен работен однос биле вработени вкупно 220 лица, од кои 23,18% во националните, 24,55% во регионалните и 52,27% во локалните радиостаници.

**Слика 13. Број на вработени во редовен работен однос и хонорарно ангажирани**




45% од вработените биле новинари. Како новинари во националните радиостаници работеле 64 лица, во регионалните 53 лица, а во локалните 77 лица.

59% од вработените во комерцијалните радиостаници биле мажи.

Жените биле побројни само кај новинарите (за 18 лица) и кај лицата ангажирани во категоријата „маркетинг“ (за шест лица).

**Слика 14: Структура на вработените според пол**




Вработените од машки пол биле значително побројни од вработените од женски пол кај одговорните лица на радиостаниците, односно кај управителите, потоа кај техничкиот кадар и кај лицата кои биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар.

Повеќе од половина (51,52%) од вработените во комерцијалните радиостаници имале комплетирано високо образование. Овие лица биле најбројни кај регионалните и локалните радиостаници, додека кај националните побројни биле вработените со завршено средно образование.

**Слика 15: Структура на вработените според образование**



Најголем дел од вработените со високо образование биле новинари (132 лица).

Кај регионалните и локалните радиостаници, поголем дел од новинарите биле со завршено високо образование, а кај националните побројни биле новинарите кои имале комплетирано средно образование (за три лица).

**Слика 16: Број на новинари со високо образование**




Од вкупно 429 вработени, 365 биле Македонци, 50 Албанци, по шест лица биле од турска и српска националност и по едно лице од влашка и бошњачка националност. 46,03% од вработените од македонска националност биле вработени како новинари, а најголем дел од нив (63 лица) биле ангажирани во четирите радиостаници кои емитуваат програма на државно ниво.

**Слика 17: Структура на вработените според етничка припадност**




Најголем дел од вработените од албанска националност работеле како новинари (38%).

| | |
|---|---|
| Наслов | Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2016 година |
| Издавач | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| | Палата Панко Брашнаров Ул.„Македонија“ бр.38, 1000 Скопје |
| | Тел.02/3103-400 |
| | www.avmu.mk<br>contact@avmu.mk |
| За издавачот | д-р Зоран Трајчевски, Директор |
| Изработиле | Катерина Доневска и Валиде Јашари |
| Одобрила | Магдалена Давидовска Довлева |